# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## ОСВРТ ЗА РАБОТАТА НА XVIII-ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СР МАКЕДОНИЈА

Осумнаесеттото годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија се одржа на 1—2 април 1986 година во просториите на хотелот „Дрим" во Струга.

Во присуство на гости и делегати од друштвата на историчарите од Републиката, собранието го отвори претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија д-р Марија Јовановиќ. Потоа присутните гости и делегати на собранието со едноминутно молчење им оддадоа почит на починатите членови на Сојузот, Акад. проф. Љубен Лапе — доживотен и почесен претседател на Сојузот, проф. д-р Христо Андонов—Полјански — поранешен претседател на Сојузот, Драган Велков—Гане — поранешен секретар на Сојузот и други.

По изборот на работно претседателство во состав: д-р Александар Трајановски, Наум Димовски, д-р Марија Јовановиќ, Гаваз Џелал и Димитар Димулков — записничар, собранието отпочна со работа во 16,30 часот.

Од името на градот домаќин гостите и делегатите на собранието ги поздрави Крсте Чакар, секретар на ОК на ССРНМ — Струга, а од името на претседателството на РК на ССРНМ д-р Иван Катарџиев, кој во својот говор честитајќи им го дваесетгодишниот јубилеј од излегувањето на списанието „Историја" — орган на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, се осврна на улогата, развојот и достигнувањата на македонската историографска наука за афирмацијата на македонското битие на културен, научен и национален план во светот, а воедно на собранието му посака успешна и плодна работа.

Според предложениот дневен ред, работата на собранието се одвиваше во три дела.

Во првиот дел од работата на собранието, беа поднесени следните реферати: „1100 годишнината од доаѓањето на Климент во Охрид и формирањето на Охридската школа за словенската култура и писменост" од проф. д-р Бранко Панов; „125 години од излегувањето на Зборникот на македонски народни песни од браќата Миладиновци" од проф. д-р Гане Тодоровски, и „40 години од донесувањето на одлуките за кул-

турната автономија на Пиринска Македонија" од м-р Никола Чинговски.

Вториот дел од работата на собранието беше посветен на проблемите сврзани со методско-педагошката проблематика на наставата по историја во основното и средното насочено образование во СР Македонија при што беа поднесени рефератите: „Учебниците и прирачниците по историја според реформираните наставни и програми по историја" од проф. д-р Војо Кушевски, и „Проблемот и состојбата на нагледните наставни средства во наставата по историја во СР Македонија" од Наум Димовски самостоен педагошки советник при Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието.

По изнесените реферати беше покрената дискусија во која учествуваа делегатите: Ѓургевка Доневска—Тренчевска, Трпко Пановски, Душица Цинлеска, Ангелина Маријановиќ, д-р Владо Ивановски, м-р Никола Чингоски, Живко Заев, Ристо Трајковски, Наум Димовски, Менче Давидова, проф. д-р Бранко Панов, проф. д-р Војо Кушевски и Иван Манев.

Во дискусијата централно место заседоа рефератите од методско-педагошка проблематика за наставата по историја, при што повеќето од дискутантите покренаа конкретни и актуелни прашања во врска со квалитетот на учебниците по историја за училиштата од средното образование, како и примената на посовремени методи на предавање на наставата по историја во Републиката залагајќи се при тоа за:

— проширување на соработката на историчарите на СР Македонија со историчарите од другите републики и покраини на Југославија преку збратимување на одделните училишта и користење на други форми и начини на соработка;

— Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија да достави барање до издавачката куќа „Просветно дело" со кое покрај подобрувањето на квалитетот односно техничкото обликување и содржината на учебниците се залага за прогласување отворени конкурси да се има построг критериум од рецензентите на учебниците пред нивното навремено излегување од печат и покрај консултацијата со надлежните органи да се консултираат и со нашите историографи;

— од издавачките куќи во СР Македонија се бара покрај издавањето учебници по историја, за подобрувањето на наставата да изработуваат и нагледни наставни средства, како на пример: карти, квалитетни репродукции и други помагала;

— да се преземаат чекори за подобрување на материјалната состојба на наставниците по историја;

— да се спречи одземањето наставно градиво од наставата по историја од другите наставни предмети од општествено-хуманитарните дисциплини,

— да се настојува за воведување на уште еден час од предметот по историја во третата или четвртата учебна година од средното насочено образование во СР Македонија,

— да има поголема примена на музеологијата во наставата по историја, односно наставата по историја да се изведува во историските музеи на Македонија, каде што учениците ќе имаат можност директно да се запознаваат со музејските експонати како оригинално и трајно нагледно-наставно средство кое остава трајни впечатоци во психата на учениците;

— програмата на наставата по историја во втората година од средното насочено образование да се замени во полза на изучувањето на националната историја односно македонската историја; и

— за подобрувањето на состојбата со нагледни наставни средства во Републиката да се овозможи отворање сервис за поправка на истите.

Во третиот дел од работата на собранието кој беше посветен на активноста на Сојузот во изминатиот едногодишен период беа поднесени и усвоени: „Извештајот за едногодишната работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија“ од претседателот на Сојузот д-р Марија Јовановиќ, „Извештајот за едногодишната работа на редакцијата на списанието ‚Историја'“, од главниот уредник на списанието проф. д-р Бранко Панов, и „Финансиски извештај за едногодишната работа на Сојузот“ од сметководителот на Сојузот Пандора Матлиева. Потоа беше усвоена програмата за работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија за 1986 година, како и Измените и дополнувањата на Самоуправната спогодба за здружување во Сојузот на историчарите на Југославија.

На собранието согласно статутот на Сојузот едногласно е прифатен предлогот на претседателот на Комисијата за награди и одликувања при Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија д-р Владо Ивановски, за доживотен и почесен претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија да биде наименуван Академик Михаило Апостолски, а за почесни членови на Сојузот другарите Димче Беловски, секретар на ЦК на СКЈ и д-р Владислав Штастни, долгогодишен претседател на историската Комисија на ЧССР за соработка со Југословенската историска Комисија, која оваа година прославува дваесет години од создавањето и успешна и плодна соработка.

Заблагодарувајќи се на присутните гости и делегати на собранието за доделувањето на ова највисоко признание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, во својот говор Академикот Михаило Апостолски се осврна на неопходноста од пишувањето на повеќетомната историја на југословенските народи и народности за која иако постои иницијатива од пред пет години, досега се напишани само првите два тома. Пишувањето на ова капитално дело за историјата на југословенските народи и народности, истакна тој, е неопходно не само за отстранувањето и усогласувањето на некои општо-југословенски историски прашања и ставови, туку и за од-

бегнувањето на сѐ поприсутната историографска затвореност која е мошне опасна.

Потоа во дискусијата по рефератите и активноста на Сојузот во изминатиов едногодишен период зедоа учество: Наум Димовски, м-р Никола Чингоски, Кузман Георгиев, д-р Александар Апостолов, Душица Цинлеска, д-р Марија Јовановиќ, проф. д-р Бранко Панов, д-р Војо Кушевски, Ангелина Маријановиќ и Пандора Матлиева. Повеќето од нив се задржаа на проблемите сврзани со наставата по историја, при што покрај улогата и значењето на новиот систем на образованието во СР Македонија беа донесени следните заклучоци:

— да се формира Комисија која ќе ги запознае општествено-политичките структури во Републикава со тешката и загрижувачка состојба на училиштата со нагледни наставни средства по историја и да се преземаат енергични мерки за надминувањето на оваа појава во која нашите училишта во ерата на модерната технологија остануваат класични;

— да се покрене иницијатива за организирање научна средба или советување на кое македонските и српските историчари и учители, во интерес на идејното и марксистичкото образование и воспитание на младите генерации не само во СР Македонија и СР Србија туку и пошироко во Југославија, низ призмата на целокупната критичка и марксистичка историска анализа, точно да го одредат карактерот на Првата балканска војна за Македонија; и

— наместо досегашните два броја на списанието „Историја“ да се оди кон годишно издавање на повеќе броеви на списанието. Истото уште повеќе да се обогатува со нови содржини особено од областа на наставата по историја, да се шири и дистрибуира во Републиката и надвор од неа, со вклучувањето нови претставници и соработници.

На крајот, претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија д-р Марија Јовановиќ, оценувајќи ја работата на XVIII собрание на Сојузот како мошне успешна и значајна во однос на прашањата и предлозите кои беа иницирани во дискуисите за надминувањето на тешките материјални и просторни услови во кои се изведува наставата по историја, од името на Сојузот се заблагодари на домаќините односно членовите на друштвото на историчарите на општина Струга и го прогласи собранието за затворено.

Димитар ДИМУЛКОВ